**ЗАКЛУЧОК**

Координативното тело за следење на почитувањето на Кодексот за однесување во онлајн просторот за време на изборни процеси и референдуми, на 26 август 2025 година, се состана во врска со претставката поднесена од коалицијата „Вреди" против онлајн медиумот Тетовасот.мк и новинарот од овој медиум Невриј Адеми, за видео прилог објавен на 19.08.2025, со наслов „Нема струја во Желино, граѓаните револтирани. Овие се крадци" (S'ka “strujë” në Zhelinë, qytetatët revoltohen. “Këta janë hajduta”).

Коалицијата „Вреди" посочува дека претставката ја поднесува поради „објавување лажна и манипулативна вест дека институциите на Општина Желино се останати без електрична енергија. Станува збор за дефект на електричната енергија што се случи исклучиво во просториите на матичната служба во Желино, која не е институција под надлежност на Општина Желино..."

Координативното тело, претставката ја препрати до Комисијата за жалби при Советот за етика во медиумите на Македонија (СЕММ), до Судот на честа при Здружението на новинари на Македонија (ЗНМ) и до проверувачите на факти при фондацијата „Метаморфозис", во рок предвиден во Правилникот за работа на ова тело.

**По добиените мислења од Комисијата за жалби и од Советот на честа, Координативното тело, на состанокот одржан на 26 август 2025, утврди дека посочената медиумска содржина не се однесува директно на претстојните Локални избори, поради што не може да ја разгледува.**

Но, имајќи ја предвид важноста граѓаните во предизборниот период и за време на изборите да добиваат точни и проверени информации, како и фактот дека посочениот прилог на порталот Тетовасот.мк се однесува на тема од јавен интерес, Координативното тело го поддржува мислењето на Комисијата за жалби при СЕММ, дека во него има прекршување на два члена од Кодексот на новинарите на Македонија:

**„Темата во прилогот на порталот Тетова Сот (www.tetovasot.com), изработен од новинарот Невриј Адеми, е од јавен интерес, но од комунална природа, а не директно поврзана со претстојните локални избори. Во прилогот има обид да се вклучи институционалниот став, заради сеопфатност на сторијата, но извештајот не е целосно во согласност со професионалните и етички стандарди. Сензационализмот, мислења претставени како факти и несиметричното третирање на „втората страна" ја нарушуваат објективноста и ја доведуваат во прашање кредибилноста на известувањето.**

**Член 1** од Кодексот на новинарите налага новинарите да објавуваат точни, проверени информации и да не прикриваат суштински податоци. Доколку информацијата не може да се потврди или станува збор за претпоставка, тоа треба да се нагласи. Во овој случај, информациите

CamScanner

за долговите се презентирани како факти, но не е наведено како се проверени или од кои извори се добиени.

**Член 13** од Кодексот на новинарите експлицитно наведува дека новинарот треба да прави разлика меѓу фактите и мислењата, меѓу веста и коментарот. Насловот на извештајот вклучува цитат „Овие се крадци“ што претставува силно мислење или обвинување, а не факт. Иако е претставен како цитат, неговата позиција во насловот, без јасна атрибуција на изворот во самиот наслов или веднаш во текстот, ја замаглува границата меѓу факт и мислење.

Координативното тело им укажува на сите чинители во изборниот процес одговорно да се однесуваат, а медиумите и новинарите професионално да известуваат држејќи се до Кодексот и стандардите за етичко новинарство, јасно да ги презентираат фактите и мислењата овозможувајќи им на граѓаните самите да донесат информирана одлука при гласањето на локалните избори закажани за 19 октомври 2025 година.

Координативното тело постапува по претставки што се директно поврзани со изборниот процес, до неговото завршување.

Скопје,
26.08.2025 година

**Координативното тело**
**за следење на почитувањето на начелата и**
**стандардите од Кодексот**

**Билјана Георгиевска**
**Координаторка**

CamScanner